Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 488 www.mchamber.mk 08.4.2022

# ОТВОРЕН БАЛКАН, ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПРАКТИЧНИ ПРОМЕНИ




*Македонско-австриски бизнис-форум со компании од областа на патната и железничката инфраструктура*

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ЦЕНАТА НА СТРУЈАТА ЌЕ ЗАВИСИ ОД БЕРЗАТА СЕ ДОДЕКА НЕ ОБЕЗБЕДИМЕ ПОГОЛЕМО СОПСТВЕНО ПРОИЗВОДСТВО




Не постои друг начин како да се обезбеди поевтина струја во овој момент освен по пазарна цена на берза, поради големата флуктуација на цените, вели претседателот на Македонската енергетска асоцијација проф. д-р. Кочо Анѓушев.

„Никој не се осмелува да даде фиксна цена за подолг временски период и таквата состојба ќе продолжи и во одреден период, се додека практично не се создаде ситуација во која ќе може да се нуди електрична енергија од сопствено производство. Само производителите можат да дадат гарантирана фиксна цена во одреден период, се друго е проблематично", вели претседателот на МЕА.

„Македонската економија троши 400 мегавати електрична енергија. Доколку некој сака да обезбеди годишна цена или да има годишни договори на година дена со фиксни цени, единствена можност тоа да се направи е преку берза, но за да се работи преку берза потребно е да се купи струјата за година дена однапред. Мора да сме свесни дека, за македонската економија да може некој да ја гарантира цената или да ја кредитира по фиксна цена однапред, потреби се околу една милијарда евра фиксна сума денеска. Но не постои субјект што тоа може да го обезбеди. Затоа сите нудат HU-PEX цени и обезбедуваат електрична енергија врзана со плаќања кои ги сведуваат снабдувачите на брокери. Во меѓувреме индустријата има проблем што не може да ги формира цените на своите производи, бидејќи кога има варијабилна цена на некој од компонентите кои влегуваат во цената на чинење на производот на дневно ниво, не можете да се формира стабилна цена на производ" вели Анѓушев

Во овој момент во услови на раст и дневно флуктуирање на цената на електричната енергија на берза, најпогодени се компаниите кои во цената на производот имаат значаен удел не електричната енергијата, како во металургијата каде струјата учествува со околу 40 до 50% или во металната индустрија каде учеството е околу 15 %, но и други значајни дејности кои имаат сериозен удел во домашната економија и креирањето на БДП

# Македонско-австриски бизнис-форум со компании од областа на патната и железничката инфраструктура



Стопанската комора на Северна Македонија и Трговското одделение при Амбасадата на Австрија во Скопје организираа Бизнис-форум и презентација на австриски компании од областа на патната и железничката инфраструктура (30.3.2022 година), со цел унапредување и интензивирање на економската соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Австрија.

Соработката помеѓу Стопанската комора на Северна Македонија и Трговското одделение при Амбасадата на Австрија во Скопје резултира со успешно реализирани бизнис-форуми на македонски и австриски компании во изминатите години, во области кои се од интерес за двете страни.

„Од денешниот настан очекуваме македонските иститутции и компании кои се присутни да остварат контакти и поврзување со австриските компании, што би резултирало со можна соработка од заеднички интерес", потенцираше во своето поздравно обраќање, Јадранка Аризанковска, менаџер во Комората.

„Ја користам оваа прилика да ја изразам својата благодарност за досегашната соработка со Стопанската комора на Северна Македонија, која е долгогодишен препознаен партнер во организација на деловни средби меѓу австриски и македонски компании и се надевам соработката во иднина контиинуирано ќе се продлабочува", истакна г-ѓа Ерика Теоман Бреннер, трговски советник при Амбасадата на Австрија во Белград, задолжена за Србија, Црна Гора и Северна Македонија.



Во своето обраќање претставниците од државните институции, г-дин Хари Локвенец – генерален директор на „Железници – инфраструктура" и г-дин Благојче Трпевски – заменик директор на Јавното претпријатие за државни патишта на Северна Македонија ги презентираа актуелните и идни проекти од патната и од железничката инфраструктура.

Целта на бизнис-форумот беше да се поттикне заедничката соработка меѓу реномираните австриски компании и македонските државни институции и компании, од областа на патната и железничката инфраструктура, со можност за видливи, применливи и практични решенија.

На форумот присуствуваа претставници и од македонските градежни компании, кои по завршувањето на официјалниот дел имаа можност да остварат директни средби со претставници од австриски компании.

Најголемите и најзначајни австриски инвестиции во Република Северна Македонија доаѓаат од електроенергетскиот, банкарскиот и финансискиот, телекомуникацискиот и градежниот сектор.

Република Австрија е осумнаесетти (18-ти) трговски партнер на Република Северна Македонија за 2021 година и втор најголем инвеститор во Република Северна Македонија, земајќи ги предвид податоците од Централниот регистар на Северна Македонија за последните пет години. Во 2018-та година Република Австрија има остварено најмногу инвестиции  во земјава со вкупен износ од 687 милиони евра, според официјалните податоци на Народната банка на Република Северна Македонија, а во однос на движењата на странските директни инвестиции во земјава.

Согласно статистичките податоци за 2021-та година интерес за соработка постои и потребно е да се интензивира, бидејќи е евидентиран негативен биланс во трговската размена од 62.9 милиони долари.



# ОТВОРЕН БАЛКАН, ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПРАКТИЧНИ ПРОМЕНИ




Иницијативата „Отворен Балкан" веќе дава резултати. Протокот на стоки добива на значење. На граничниот премин Табановце – Прешево камионите ги минуваат царинските и полициските контроли за помалку од четири минути, а целиот процес на проверки и пропуштање, заедно со ветеринарните и фитосанитарните инспекции, не трае повеќе од половина час, беше заклучено при заедничката посета на претставници на Коморите од Северна Македонија и Србија предводени од м-р Зоран Јовановски потпретседател од Стопанската комора на Северна Македонија и претседателот на српската Стопанска комора Марко Чадеж по работниот состанок на Табановце – Прешево со своите економски тимови.

Ваквите случувања се одличен показател за суштината на иницијативата „Отврен Балкан". Во оваа прилика би сакал да истакнам неколку работи поврзани со тоа. Имено, во нашиот регион на Западен Балкан во минатото имаше разни иницијативи. Сите биле со најдобри желби и намери за напредок на регионот. Но нивниот успех или неуспех најчесто се мерел преку воведувањето или преку невоведувањето одредена регулатива и сл., изјави потпретседателот на Стопанската комора Јовановски.

Може да се каже дека дури со т.н. „Берлински процес", а во тие рамки и со „Отворениот Балкан", е направено конкретно поместување, затоа што фокусот на „Отворениот Балкан" е да се постигнат конкретни, видливи резултати.

За наши прилики вели Јовановски, изгледаше неверојатно кога во ноември минатата година во Ниш се одржа оперативен состанок на сите релевантни чинители од државниот сектор и од стопанските комори, за да се операционализираат заклучоците од Самитот во Белград, одржан







само една недела претходно. Таа упорност и посветеност резултираше со потпишување важни меѓудржавни спогодби во Тирана веќе во декември минатата година.

Се разбира, работата не е завршена – таа само што започна. Како што поминува времето така ќе се проширува и портфолиото на области во кои ќе има заеднички активности. Во наредниот период се очекува земјите од „Отворен Балкан" да обрнат поголемо внимание на соработката во образованието и во туризмот. Соработката меѓу трите земји од иницијативата „Отворен Балкан" продолжува. Ќе ги отстрануваме сите пречки за поголема економска соработка во нашиот регион, со многу практични решенија посочи по работните средби потпретседателот на Стопанската комора на Северна Македонија.

Предноста на „Отворен Балкан" не е само во тоа што камионите нема да чекаат долго или воопшто, туку соработката меѓу трите земји во однос на снабдувањето на храната и нејзината безбедност, снабдувањето со основни животни намирници. Тоа се големи работи – да не размислуваме дали имаме масло, брашно, шеќер или жито зашто секој од нас нешто има. Ако сме се согласиле дека ќе си помагаме, тоа и да го правиме. Во однос на храната која навистина е проблем и цената на пазарот кој остана без добар дел од количините кои доаѓаа од Русија, Украина, Белорусија, кога е во прашање „Отворен Балкан" резултатите се гледаат – граѓаните на нашите земји не мора да размислуваат за работи за кои многу земји мора да размислуваат, нагласи Марко Чадеж, претседател на Стопанската комора на Србија.

Разговаравме како уште можеме да помогнеме – да донесеме контејнери кога е во прашање фитосанитарната и ветеринарната служба, да видиме како да го прошириме протокот, размената на информации зашто доаѓа до забавување на системот кога е голема фреквенцијата. Тоа е од интерес за двете земји зашто заштедува пари, информира Чадеж.

Економските тимови на српската и македонската стопанска комора, предводени од Чадеж и Јовановски, на работниот состанок разговараа како уште можат да помогнат за дополнително да го намалат и онака скратеното време на чекање на Табановце.

Во рамки на посетата на граничниот премин беше реализирана и средба на претставници на шпедиции кои функционираат на двата премина, со претставниците од двете стопански комори.

# СРЕДБА НА АНТОНИ ПЕШЕВ СО Н.Е.САНЦАЈ РАНА




Извршниот директор на Стопанската комора на Северна Македонија м-р Антони Пешев денес оствари средба со новоназначениот амбасадор на Индија Н.Е. Санцај Рана, на која се дискутираше за потенцијалите за идната економска соработка. На средбата директорот Пешев ги претстави генералните карактеристики на македонската економија, со особен акцент на потенцијалот за инвестирање во секторите енергетика, односно производство на обновливи извори на енергија и земјоделието, односно производство на храна. Тој истакна дека покрај тоа што македонскиот пазар е релативно мал, нуди добри можности првенствено заради определбата за членство на државата во Европаската унија, како и регионалната соработка во рамки на ЦЕФТА и Западен Балкан, односно заради постоењето на договорите за слободна трговија кои обезбедуваат пристап до европскиот пазар.

Н.Е. Рана, истакна дека согласно неговите информации, досегашните искуства на индиските компании кои пројавиле интерес за инвестиции во нашата држава се различни, но дека во перспектива би можело да се работи на заеднички настани со цел зголемување на нивното присуството во Северна Македонија. Тој покажа особен интерес за инвестиции во автомобилската и фармацевтската индустрија и во тој контекст најави активна соработка со Стопанската комора на Северна Македонија.

М-р Антони Пешев ја изрази подготвеноста за проактивна соработка со индиската амбасада и ги стави на располагање ресурсите на Стопанската комора на Северна Македонија за обезбедување на неопходните информации и анализи за потенцијалните индиски инвеститори, со цел зголемување на надворешно-трговската размена и нивото на инвестиции во двете држави.



# АЗЕСКИ НА 23. МЕЃУНАРОДЕН МОСТАРСКИ САЕМ



*Претседателот Азески на Саемот во Мостар пред кризата со короната*

Дваесет и третиот меѓународен бизнис-саем во Мостар, кој ќе се одржи во периодот од 5 до 9 април 2022 година, е една од најважните саемски манифестации во Босна и Херцеговина според бројот на изложувачи и на посетители. Мостарскиот саем е дел од мрежата на Здружението на изложувачи од Југоисточна Европа (ЕАСЕЕ).

Унгарија, како земја партнер на овогодишниот саем, ќе ги претстави своите економски потенцијали и можности за соработка. На Саемот ќе учествуваат голем број изложувачи, доминантно од Австрија, Германија, од Турција, Полска и од Израел како потенцијална земја партнер. Присутни се и излагачи од Кина, предводени од технолошкиот гигант Huawei.

Саемот ќе биде зболатен со конференции на регионално и на меѓународно ниво, од областа на животната средина, земјоделството и прехранбениот сектор, како и потенцијалот за развој на туристичките дестинации во периодот на постковид, со Б2Б-средби и со образовни настани, нудејќи им на учесниците единствена понуда и комбинација од саемски и од конференциски настани на едно место. Планирани се и тематски денови, а секој од нив ќе понуди придружна содржина поврзана со одреден сектор од економијата, што ќе им донесе уште подобра можност на учесниците да одржат конкретни деловни состаноци и да го подобрат бизнисот.

По Саемот во Тирана во декември 2021 година, Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан (КИФ ЗБ6) организира заеднички штанд и во Мостар за 30 избрани мали и средни претпријатија (МСП), кои ќе бидат дел од заедничката делегација што ќе учествува на 23. Меѓународен бизнис-саем во Мостар од 5 до 7 април 2022 година. Во рамките на штандот на КИФ ќе учествуваат компании од земјоделскиот и од земјоделско-прехранбениот сектор.

# КИФ по втор пат организираше заеднички саемски настап на компании од шесте земји на Западен Балкан



Ко-претседателот на Коморскиот инвестициски форум (КИФ), Бранко Азески, и потпретседателката на Стопанската комора на Северна Македонија, д-р Елена Милевска Штрбевска, се домаќини на 23 Меѓународен бизнис саем што се одржува во Мостар, заедно со претседателот на Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина, Ахмет Егрлиќ. Ова е втора саемска манифестација (после Саемот во Тирана што се одржа во декември минатата година) на која стопанските комори од регионот од шесте земји на Западен Балкан имаат заеднички настап, преку Коморскиот инвестициски форум (КИФ). Мостарскиот саем е една од најпрестижните манифестации во регионот и секоја година собира најголем број бизнисмени, премиери и претставници на сите важни институции од регионот. Во разговорите со претставниците на КИФ и на Коморите, со оглед на актуелниот момент на мултикриза, се разговараше за интензивирање на регионалната соработка, која е реален одговор на потребата за намалување на нивниот негативните ефекти врз работата на компаниите. Штандот на коморите и на КИФ го посети и г-дин Сташа Кошарац, министер за надворешна трговија и економски односи на БИХ.

Оваа година на Мостарскиот саем учествуваат 39 компании од земјите на Западен Балкан, меѓу кои и четири македонски компании, а за нивното учество трошоците се покриени од страна на КИФ.

Коморскиот инвестициски форум е основан како асоцијација на шесте национални комори од регионот на Западен Балкан, со цел да се интензивира регионалната економска соработка и да се покренуваат заеднички активности кои се од интерес за бизнис-заедницата од регионот. КИФ претставува повеќе од 350.000 компании од регионот на Западен Балкан, претежно мали и средни претпријатија, настојувајќи да отвори нови можности за посилно вмрежување на деловните заедници во регионот преку отстранување на преостанатите пречки за развој на регионалната економска соработка и подобрување на деловната и инвестициската клима на пазарите во регионот на Западен Балкан.

На Мостарскиот Саем се одржаа B2B средби на компаниите учесници, кои претежно беа од секторите земјоделство и прехранбена индустрија, информатички и телекомуникациски технологии, туризам, градежништво и метална и електро-индустрија.

Вчера во Сараево претседателот Азески и потпретседателката Милевска Штрбевска имаа разговори со раководството на Надворешно-трговската комора на БиХ - партнер на Стопанската комора на Северна Македонија во сите регионални проекти. Во разговорите се прецизираа обврските за наредниот период, кој ќе помине во силен налет на кризата и ќе остави последици врз бизнисите кои ги претставуваат.

Вкупната трговска размена на Северна Македонија со Босна и Херцеговина во 2021 година изнесува 194,2 милиони долари, со раст од 18 % споредено со 2020 година. Извозот изнесува 112,3 милиони долари, со раст од 24%, додека увозот изнесува 81,8 милиони долари, со раст од 11% во споредба со минатата година. Истиот тренд на трговска размена се задржува и во 2022 година, а најзастапени производи во извозот се лекови, цевки, месни преработки, вино, конзервиран зеленчук и електрични акумулатори, додека во увозот од БиХ се млекото и млечните производи, месни преработки, слатки, и производи од дрвната индустрија.






# Непредвидливата деловна криза и последиците од економската криза на дневен ред на седницата на Управен одбор на Советот на странски инвеститори




Управниот одбор на Советот на странски инвеститори одржа редовна седница на 06.04.2022 година, на којашто се разговараше за актуелната економска состојба во време на кризна состојба во Украина, за сериозните ризици и последици кои таа ги предизвикува и за нејзиното влијание и врз енергетската криза.  Продолжената економска криза сѐ повеќе ги загрижува компаниите поради непредвидливоста, но и растот на цените на енергентите и на репроматеријалите. На состанокот потврден потребата и важноста од носење на мерки за поддршка на стопанството во време на криза. Беа разменети мислења, сугестии, предлози околу потребните мерки што како државна помош треба да бидат земени предвид при креирањето на политиките за ублажување на последиците од најдлабоката криза во современата историја.

Претставниците на едни од најголемите странски инвеститори во земјава укажуваат  дека се потребни предвидливост и стабилност за раст на економијата. Сепак, случувањата во последните две години, од почетокот на пандемијата, преку енергетската криза и воениот конфликт во Украина дополнително ги влошуваат изгледите за подобри економски перформанси.

Во понатамошниот дел на седница, членовите на Управниот одбор се запознаа со тековните активности на работните групи за подготовка на новото издание на „Белата книга" како реална можност  да се види како компаниите со странски капитал во земјава ја перципираат бизнис-климата во земјава и со какви предизвици се соочуваат при водењето бизнис. Препораките на Советот на странски инвеститори се конкретни, не само како видување за актуелните економски состојби во земјата, туку и како коректор или предлагач на она што евентуално може повеќе да се стори за подобрување на деловната клима. Тоа е поглавје за даноци, финансии, имотно-правни односи, административни односи, човечки ресурси и заштита на животната средина.

М-р Наташа Јаневска, експерт во Стопанската комора се осврна на целите на вториот Повик за Изразување на интерес во рамки на Регионалниот фонд за предизвици (РЦФ) и ги повика присутните компании да пристапат кон формирање на конзорциуми за заедничко спроведување на програми за кооперативна обука, а кои се сочинети од установи за стручно образование и обука и претпријатија.

Регионалниот фонд за предизвици (РЦФ) претставува финансиски инструмент кој има за цел да ја зголеми вработливоста, особено кај младите. Фондот ја поттикнува конкурентноста на претпријатијата во економиите од Западен Балкан преку финансирање на инвестиции во опрема и инфраструктура за избрани кооперативни проекти, и проекти за стручно и дуално образование кои се спроведуваат по пат на партнерства помеѓу установите за стручно образование и обука и претпријатијата. Грантовите се доделуваат преку натпревар на регионално ниво.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Онлајн семинар**

**14.04.2022**

# ДИЗАЈНИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СИСТЕМ НА ВНАТРЕШНИ КОНТРОЛИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Суштината на функционирањето на секоја организација е успешноста во работењето. Успешноста во работењето се обезбедува со остварување на поставените цели на организацијата. Во таа насока, од голема важност е дефинирањето на целите кон кои се стреми организацијата, како и дизајнирањето и преземањето конкретни мерки и активности за реализација на тие цели. Добро дизајнираните мерки и активности се основа за остварување на поставените цели, меѓутоа тие сами од себе не се доволни за успех. Секојдневното работење се соочува со голем број ризици кои се потенцијална опасност за реализацијата на целите.

Системот на внатрешните контроли е тој што треба да обезбеди сите процеси во работењето да функционираат и да се превенираат потенцијалните ризици. Тие треба да обезбедат ефикасност во работењето, во управањето со човечките, материјалните и финансиските ресурси, почитување на законските одредби, политиките и плановите на организацијата. Меѓутоа, не постои идеален систем на внатрешни контроли и поради тоа е потребно постојано да се стремиме кон подобрување на постојниот земајќи ги предвид констатираните слабости во тековното работење.

Предавачи:

- проф. д-р Драган Ѓурчевски, доктор на економски науки, специјалност меѓународна економија и
- доц. д-р Викторија Трајков, доктор на економски науки, специјалност маркетинг и брендирање.

**Сите заинтересирани за учество да се пријават најдоцна до 12.4.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3358&lng=1





**Презентација**

**19.04.2022**

# БЕСПЛАТНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА- ПРОГРАМА EXECUTIVE MBA НА ROME BUSINESS SCHOOL BELGRADE

Стопанската комора на Северна Македонија, како ваш долгогодишен бизнис-партнер, ве покануваа да учествувате на претстојната презентација на Програмата Executive MBA на Rome Business School Belgrade („РБС Белград“).

„РБС Белград“ е меѓународен бизнис-универзитет со седиште во Белград, акредитиран од Rome Business School од Италија. Универзитетот во Рим е членка на PlanetaFormacion y Unervesidades, меѓународна мрежа создадена во 2003 година од De Agostini и од Групацијата Planeta, која претставува синоним за посветеност не само на компаниите туку и на универзитетското образование и на стручната и доживотна обука.

Програмата MBA е наменета за сите професионалци, менаџери и претприемачи кои имаат цел да се здобијат со дополнителни вештини и компетенции, кои не само што се потребни за успешни деловни потфати туку се и клучни за сите оние кои веруваат во етички пристап во работата. Со завршувањето на Програмата студентите се здобиваат со 60 меѓународно признати ЕКТС-кредити и со двојна диплома.

Програмите се креирани во согласност со работните обврски на студентите, со тоа што предавањата се одвиваат еднаш месечно за време на викендите.

Со цел подетално запознавање со програмите и со можностите што ги нуди Rome Business School Belgrade („РБС Белград“), ве покануваме да ја проследите презентацијата која ќе се одржи на 19 април 2022 година (вторник), во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија (кат 5, сала 4), со почеток во 11:00 часот.



Онлајн семинар

20.04.2022

# ЕРГОНОМИЈА КАКО ОСНОВА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ОД МУСКУЛОСКЕЛЕТНИ ЗАБОЛУВАЊА

Ергономијата претставува наука која ги опфаќа биолошката антропологија, генетиката, анатомијата, физиологијата, биомеханиката, дизајнот и уште ред други науки и низа научни дисциплини. Како толку опширна и богата наука, многу е тешко за неа да се даде едноставна дефиниција. Сепак, може да се каже дека сите знаења и информации од наведените науки и научни дисциплини ги користи при креирањето работни системи, со кои се овозможува намалување на професионалните болести, заболувања, повреди, а воедно зголемување на безбедноста и олеснуваање на работењето. Сето тоа во насока на постигнување ефикасно и ефективно искористување на човечкиот труд. Како таква наука, има огромно позитивно влијание врз задоволството на работниците, нивното психо-физичко здравје и нивната благосостојба. Докажано е дека само таквите работници можат да постигнат најдобри резултати при работењето. Ергономија е научна дисциплина чија задача е да го истражува човековиот организам и однесување, со цел да обезбеди податоци за прилагодување на предметите со кои човек доаѓа во контакт. Со еден збор, ергономија е наука што се занимава со проучување на интеракцијата меѓу луѓето и машините, односно се занимава со дизајн на производи и уреди коишто треба да бидат најдобро прилагодени на човечкото тело.

Ерономијата е во тесна врска со безбедноста и здравјето при работа, која пак, се дефинира како наука за предвидување, препознавање, проценување и контрола на опасностите кои се јавуваат во или од работното место.

Ергономијата, благодарение на брзиот технолошки развој, постојано се надградува и менува, со цел да остане во тек со најновите трендови и сознанија.

Со цел присутните да се стекнат со подетални и поспецифични познавања и методологии кои ергономијата ги нуди, Стопанска Комора на Северна Македонија во соработка со Македонското здружение за заштита при работа на ден 20 април 2022 година со почеток во 10:00 часот, организира еднодневен „он-лине“ семинар на тема: ЕРГОНОМИЈА КАКО ОСНОВА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ОД МУСКУЛОСКЕЛЕТНИ ЗАБОЛУВАЊА.

**Последен рок за пријавување е 15.4.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3367&lng=1



Семинар

05.05.2022

# ПРАВИЛНА ПРИМЕНА НА НОВИТЕ ПРАВИЛНИЦИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

(Правилници објавени во „Сл. весник на РСМ, бр.51/22 од 9 март 2022 година")

Главната цел на Законот за минерални суровини е да ги уреди условите и начинот на вршењенагеолошкитеистражувањаиексплоатацијатанаминералнисуровини,поттикнувањето и унапредувањето на истите со цел да се обезбеди оптимална искористеност на минералните суровини во согласност со начелата на одржлив развој и заштита на животната средина и здравјето на луѓето.

Во насока на исполнување на овие цели, Министерството за економија објави 11 нови правилници кои произлегуваат од Законот за минерални суровини и тоа:

- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на книгата за водење на евиденција за извршените проспекциски геолошки истражувања;
- Правилник за формата, содржината и начинот на водењето накнигата во која се водат извршените истражни работи за деталните геолошки истражувања;
- Правилник за содржината и начинот на изработка на студијата за оцена навлијанието и режимот на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$;
- Правилник за формата и содржината на книгата за водење технички надзор, како и начинот на вршење на техничкиот надзор;
- Правилникзаначинотнадоставувањеисодржинатанапресметкатанаексплоатираните количини на минерални суровини во тековната година;
- Правилник за начинот на водење на евиденцијата на произведените количини на минерални суровини;
- Правилник за видот, содржината и начинот на изготвување и чување на рударските планови;
- Правилник за содржината на планот за управување со отпад од минерални суровини;
- Правилник за начинот на изработка и содржината на програмата за спречување на значителни опасности;
- Правилник за содржината на програмата за спречување на значителни опасности и
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на затворени инсталации за управување со отпад.

Правилниците се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/22 од 9 март 2022 година.

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3364&lng=1

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100

*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088